Република Северна Македонија
**Агенција за финансиска поддршка**
**во земјоделството и руралниот развој**

АФПЗРР-ОУЧР-ФО-14

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Врз основа на член 12, став 1, алинеја 7 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој развој („Службен весник на Република Македонија" број 72/2007, 05/2009, 43/2014, 193/2015, 39/2016, 164/2018 и 152/2019), директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ја донесе следната

# О Д Л У К А

***за избор на кандидат за унапредување***

1. За извршител на работното место **помошник раководител на сектор за одобрување на проекти**, сектор за одобрување на проекти, шифра на работно место УПР0101Б03000, се избира **Игор Стојменоски**.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно Интерниот оглас број 01/2019 година за пополнување на работни места преку унапредување во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, објавен на ден 31.07.2019 година на веб страната на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и на веб страната на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за унапредување, составена со Решение број 04-3070/11 од 09.08.2019 година, спроведе административна селекција и интервју со пријавените кандидати на огласот (записници број 04-3070/16 од 14.08.2019 година и број 04-3070/15 од 14.08.2019 година).

По спроведеното интервју, Комисијата состави ранг листа од кандидати и истата ја достави до директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој кој, согласно член 52 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) врши избор на кандидатот за унапредување

Согласно тоа и согласно член 12, став 1, алинеја 7 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, се донесе одлука како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на приемот на оваа Одлука.

Решено во АФПЗРР Скопје, на ден __.08.2019 година, под бр. 04-3070/17.

21-08-2019

м.п.

ДИРЕКТОР
Николче Бабовски

Доставено до:
- именуваниот,
- одделение за управување со човечки ресурси и
- архива.

Подготвил: Иван Деспотовски